ООУ„Кочо Рацин“-Охрид
Ул. „130“ број 24
6000 Охрид
Тел: (046) 25 55 37
ou-kochoracin-ohrid@schools.mk

# ИЗВЕШТАЈ

## од самоевалуација на ООУ„Кочо Рацин“ -Охрид период јули 2022 до јули 2024 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ 161/2019 и 229/2020 година) Општинското основно училиште „Кочо Рацин“-Охрид изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од јули 2022 до јули 2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 28.11.2023 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав: Виолета Петкоска одделенски наставник, Сања Наковска стручен соработник психолог, Елизабета Великоска предметен наставник и Билјана Каланоска одделенски наставник.

Самоевалуацијата беше спроведена за периодот јули 2022 до јули 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| **Подрачје** | **Членови на тимот** |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Виолета Петкоска -раководител |

| | |
|---|---|
| | Наум Јованоски<br>Милена Танеска |
| 2. Постигања на учениците | Сања Наковска-раководител<br>Томчо Алексоски<br>Билјана Тодева |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Елизабета Великоска-раководител<br>Фила Вероска<br>Елизабета Наумоска |
| 4. Управување и раководење | Билјана Каланоска-раководител<br>Анкица Цуцулоска<br>Александра Рошкоска |

За потребите на самоевалуацијата беа спроведени анкети за ученици, родители/старатели и за наставен кадар. Освен анкетите Тимовите спроведоа интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје.

Анкетирани се 87 ученици од II до IX одделение, 89 родители/старатели и 35 наставници.

ООУ„Кочо Рацин“-Охрид
Ул. „130“ број 24
6000 Охрид
Тел: (046) 25 55 37
ou-kochoracin-ohrid@schools.mk

Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 09.07.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на НПП и ЛППР (Личен план за професионален развој), преку посетување на семинари, вршење дисеминација од посетени обуки и семинари, работа на проекти и сл. Во училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за следење на квалитетот на планирањата на наставниците, од страна на директорот и стручните соработници. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците |

од директорот и / или стручните соработници и наодите од следењето се користат за подобрување на процесот на планирање на наставата.

Сите наставници имаат подготвени годишни, тематски планирања за редовната, додатната и дополнителната настава и подготовки за наставен час, како и за воннаставни активности, кои ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Планирањата на наставниците содржат јасни насоки за тоа што се очекува да научат учениците (кои се очекуваните исходи од учењето), на кој начин и кога. Начинот на оценување е јасно утврден во планирањето, а наставниот кадар информациите од оценувањето ги користи, за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.

Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови, програми и индивидуалните образовни планови во целост се реализираат во пропишаниот обем. Во наставните содржини вклучени се сите точки на акции од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми, часови со интегрирани цели од МИО, ненасилство и професионална ориентација.

Училиштето ги нуди сите изборни / слободни изборни активности и предмети, предвидени со НПП од МОН и Водичот за слободни изборни предмети во основното образование од БРО. Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и интересите на учениците.

ООУ„Кочо Рацин“-Охрид
Ул. „130“ број 24
6000 Охрид
Тел: (046) 25 55 37
ou-kochoracin-ohrid@schools.mk

Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин. Активностите се со различно ниво на сложеност, а изборот на задачите е приспособен на индивидуалните образовни потреби и различните стилови на учење на учениците.

Нашето училиште обезбедува и промовира еднаквост на сите ученици независно од полот, националноста, етничката и верската припадност и социјалниот статус. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди во однос на културните разлики, способностите, физичкиот хендикеп, интелектуална попреченост итн. Изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Различните интерактивни методи промовираат градење на доверба меѓу наставниците и учениците.

Во училиштето работи Инклузивен тим, како и Тим за надарени и талентирани ученици. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Сите наставници имаат изготвени долгорочни, среднорочни и краткорочни (во склоп на дневните планирања) ИОП – и за учениците со ПОП, кои ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Континуирано се следи напредокот на учениците со ПОП, преку изготвени инструменти.

ООУ„Кочо Рацин“-Охрид
Ул. „130“ број 24
6000 Охрид
Тел: (046) 25 55 37
ou-kochoracin-ohrid@schools.mk

Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. Во училиштето има добри примери на активности преку кои се негува меѓуетничката интеграција во образованието.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење. Секој ученик добива можност да има изложен труд во училницата и во училиштето. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење.

Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците, односно користат разновидни форми на работа кои придонесуваат учениците активно да учествуваат во активностите за време на часот. Во наставата се користат приоди кои поттикнуваат решавање проблеми, а учениците се охрабруваат самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.

Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат образовните потреби на учениците. Во процесот на учење, пак, наставниците преземаат активности за задоволување на потребите на учениците и отстранување на пречките при учењето.

ООУ„Кочо Рацин“-Охрид
Ул. „130“ број 24
6000 Охрид
Тел: (046) 25 55 37
ou-kochoracin-ohrid@schools.mk

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците, и има дефинирана политика за оценувањето, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето има усогласени стандарди и критериуми за оценување на учениците и со нив учениците и родителите се целосно запознаени.

Наставниците користат различни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Голем акцент се става на вреднувањето на тековните постигања на учениците и идентификувањето на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето.

Нашето училиште планира и реализира воннаставни активности кои имаат широка содржина, како и различни форми за вклучување на учениците. Воннаставните активности ги одразуваат и задоволуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Сите ученици активно се вклучени барем во една воннаставна активност и тоа по сопствен избор. Групите се хетерогени и обезбедуваат меѓуетничка интеграција и основи за градење соживот.

Учениците со ПОП се вклучени во воннаставните активности, според своите можности и интереси.

Во училиштето се реализираат воннаставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности, со помош и поддршка од училиштето. Работат на проекти, учествуваат на различни манифестации и постигнуваат високи резултати на натпреварите од различни области, организирани

од акредитирани здруженија на општинско, регионално и државно ниво. Учениците со освоените награди на натпреварите, но и на другите активности кои имаат натпреварувачки карактер, придонесуваат за афирмација на училиштето.

**Силни страни**

Училиштето поседува високо-професионален кадар кој успешно ги реализира наставните планови и програми според упатствата на МОН и БРО

Училиштето е дел од повеќе проекти и реализира голем број на активности предвидени во проектните план-програми.

Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на НПП и ЛППР.

Наставниците користат стратегии на поучување кои соодветствуваат на образовните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење.

Различните ресурси се употребуваат на функционален начин и во насока на примена на современи приоди во наставата.

Нашето училиште обезбедува еднаквост на сите ученици, независно од етничката припадност и култура.

Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на стереотипи и предрасуди.

Во училиштето работи Училишен инклузивен тим.

ООУ„Кочо Рацин“-Охрид
Ул. „130“ број 24
6000 Охрид
Тел: (046) 25 55 37
ou-kochoracin-ohrid@schools.mk

Во училиштето има добри примери на активности преку кои се негува меѓуетничката интеграција во образованието и мултикултурализмот.

Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина.

Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци.

Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот. Училиштето системски ги идентификува образовните потреби на учениците и презема активности за задоволување на истите.

Училиштето има дефинирана политика за следење, анализа и поддршка на оценувањето.

Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.

Училиштето планира и реализира воннаставни активности кои ги одразуваат и задоволуваат потребите и интересите на учениците и кои го

поддржуваат нивниот личен и социјален развој.

**Слаби страни**

Зајакнување на соработката меѓу стручните активи, преку дисеминација и споделување добри практики.

Во реализација на наставата да се употребуваат повеќе современи нагледни средства како смарт табли и современи методи и техники.

Учениците да бидат активно и во поголем процент вклучени во изборот и планирањето на вонанставните активности и изборните предмети

**Приоритети**

Зајакнување на соработката меѓу стручните активи, преку дисеминација и споделување добри практики.
Во реализација на наставата да се употребуваат повеќе современи нагледни средства како смарт табли и други современи методи и техники

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Во ова подрачје направена е целосна анализа на постигнувањата научениците. Училиштето редовно ги следи постигнувањата на учениците  според нивниот пол, наставни предмети, учебни години, квалификациони периоди. Училиштето преку своите

вработени идентификува и нуди подршка на учениците кои напредуваат со потешкотии, надарените ученици и учениците со ПОП.

Училиштето за постигнувањата на учениците редовно ги известува родителите на начини пропишани согласно законот.

Редовноста на учениците е една од поважите цели на напето училиште. Преку редовно информирање на учениците и родителите за закоснките норми се води грижа за редовноста на учениците.

Училиштето континуирано се стреми кон подобрување на резултатите на своите ученици преку редовната и дополнителната настава. Дополнителната настава секој одделенски и предметен наставник ја нуди на учениците и родителите со цел подобрување на успехот.

**Силни страни**

- Високообразован кадар, со добра мотивација за работа и подготвеност за промени
- Обучен наставен кадар за применување на критериумите и стандардите во оценувањето
- Постојано унапредување на наставниците преку обуки, семинари, курсеви, проекти и десиминација
- Примена на современи методи, форми и техники на учење
- Успешно детектирање на ученици кои имаат потешкотии во учењето, талентираните ученици и ученици со посебни образовни потреби;
- Училиштето ја следи и почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште;

ООУ„Кочо Рацин"-Охрид
Ул. „130" број 24
6000 Охрид
Тел: (046) 25 55 37
ou-kochoracin-ohrid@schools.mk

- Систематски се следи и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците по оддделенија, по класификациони периоди и при преминот од една во друга учебна година
- Организирано и постојано следење на постигањата на учениците, изработка на ИОП и модифицирана програма за учениците со посебни потреби, и следење на нивното постигнување
- Наставниците внесуваат иновации и применуваат различни наставни средства;
- Редовно се одржува дополнителна и додатна настава по сите предмети во текот на целата учебна година
- Се одржуваат ИКТ часови , МИО часови по сите предмети според планирањата во текот на целата учебна година
- Училиштето ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност), ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста.
- Училиштето има свои критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите дадени од БРО
- Учество на учениците и постигнување на високи резултати и освојување на многубројни награди на општински, регионални, државни, меѓународни натпревари, конкурси, фестивали.
- Вклученост на учениците во проекти
- Учениците и родителите навремено и редовно се информираат за постигањата и напредувањата и им се овозможува правото на приговор;
- Организирано и постојано следење и советување на проблематични ученици и нивни родители од страна на одд. раководители и стручната служба

Сите ученици кои завршуваат основно образование се запишуваат во средно училиште

**Слаби страни**

- Мотивираноста на учениците  е во раст, но сеуште не е на соодветно ниво
- Дел од родителите сеуште не покажуваат подготвеност за соодветна соработка со училиштето
- Непочитување на реонизацијата и осипување на првачиња и прилив во други училишта, а не во училиштето кое се наоѓа во нивниот реон на живеење
- И покрај досегашните обуки и примена на нови методи и техники се наметнува потребата од понатамошни обуки за стручно усовршување на наставниците за одредени области (работа со ранлива категорија, посебни потреби, надарени и талентирани ученици)

**Приоритети**

- Мотивирање на учениците за подобрување на нивните постигања од страна на наставниот кадар, стручната служба и родителите;
- Мотивирање на  дел од родителите на учениците за поголема соработка со училиштето во поглед на следењето на постигањата;
- Превземање дополнителни активности за намалување на осипувањето на учениците;
- Понатамошно стручно усовршување на наставниот кадар за подобрување на постигањата на учениците

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

ООУ„Кочо Рацин“-Охрид
Ул. „130“ број 24
6000 Охрид
Тел: (046) 25 55 37
ou-kochoracin-ohrid@schools.mk

**Опис/резиме на подрачјето**

Во ова подрачје е направена анализа за работата на училиштето во однос на имиџот на училиштето, училишната клима, правичност и еднаквост, како и соработка со локалната средина и севкупната грижа на учениците. Училиштето е препознатливо по квалитетот на работа и постигањата на учениците во различни области, како и по остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето има изградено систем за промовирање на постигањата на сите ученици во рамките на училиштето и во локалната средина и користи веб страница и социјални мрежи за негова афирмација. Односот меѓу наставниците се заснова на заемно почитување и професионалност, а посебно односот и соработката меѓу наставниците при изработка на годишни глобални тематски распределенија. Сите наставници од одделенска настава, како во централното исто така и во подрачното училиште заеднички ги изработуваат и се договараат за нивна реализација. Соработката е очигледна и при изведување на екскурзии, кои секогаш се планираат на ниво на училиште и меѓусебно договарање. Соработката меѓу учениците се препознава по реализација на заедничките проекти, учества во работилници, а и по изработките кои ги украсуваат ѕидовите на училиштето.

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот како дел од Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партипацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива почит кај родителите и учениците. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

ООУ„Кочо Рацин“-Охрид
Ул. „130“ број 24
6000 Охрид
Тел: (046) 25 55 37
ou-kochoracin-ohrid@schools.mk

Во училиштето се води севкупна грижа за учениците во можностите кои ги има. Се вршат редовни здравствени контроли, им се читаат и објаснуваат последиците од заразните болести и штетното влијание на дрогата, алкохолот, цигарите. Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозени семејства како и за учениците со емоционални проблеми.

Училиштето се труди да обезбеди што почисти и уредни простории за работа. За одржување на хигиената во училиштето се вработени **6 хигиеничари, од кои 2 хигиеничари се грижат за хигиената во подрачното училиште, 1 хаус мајстор.** При појава на заразни болести се превземаат превентивни мерки со вршење на дезинфекција. Кај учениците кај кои се воочуваат здравствени проблеми се преземаат соодветни мерки, се организираат редовни здравствени контроли на учениците. Превозот на учениците се изведува со превозници кои се избираат преку тендери секоја година. За работата во училиштето се информирани заинтересираните страни (ученици, родители, наставници, директор, педагог и психолог). Се води евиденција за напредокот на учениците – дисциплината, поведението, здравствената состојба и успехот, тие се водат во е-дневникот и главните книги. Учениците кои постигнуваат особени резултати на општински , републички и државни натпревари добиваат пофалници, дипломи и награди за постигнатите резултати во соодветната област, како и нивните ментори.

За учениците кои се недисциплинирани училиштето применува казнени педагошки мерки кои се евидентираат во е- дневници. Примената на овие педагошки мерки е ефективна, а тоа се гледа и од тоа што учениците кои се казнети со усна или писмена опомена до крајот на учебната година не се применети други педагошки мерки.

Училиштето е отворено за соработка со сите заинтересирани кои сакаат да помогнат во животот и образованието на учениците. Училиштето соработува со Центар за култура Григор Прличев, НУ Григор Прличев, Младински Центар, ЈУ НП Галичица, ОО

ООУ„Кочо Рацин“-Охрид
Ул. „130“ број 24
6000 Охрид
Тел: (046) 25 55 37
ou-kochoracin-ohrid@schools.mk

Црвен Крст Охрид, Медицински центар, Викимедија МКД, Екологистик Скопје, Слоу Фуд Училишни градини, Еко свест Вевчани, Хидробиолоши Завод Охрид, Енхелеус Лихнид**.** Со локалната самоуправа училиштето соработува при организирање и реализирање на Новогодишните и Божиќните празници и Велигденските празници. Училиштето има потпишано меморандум за соработка со основните училишта Веселин Маслеша од Белград и Веселин Маслеша од Фоча и Саид Најдени од Дебар кое е партнер училиште за МИО активности.

Училиштето на учениците навремено им обезбедува јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование. За таа цел организира активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците.

**Силни страни**

- Заемно почитување и соработка меѓу наставниците, а исто така и меѓу учениците
- Грижата на училиштето во наставата да бидат вклучени и учениците со посебни потреби
- Соработка со родителите, локалната и деловната заедница и други организации
- Соработка со други училишта
- Училиштето е отворено за соработка со сите заинтересирани за животот и образованието на учениците
- Примена на правилник за педагошки мерки и негова ефикасност

ООУ„Кочо Рацин“-Охрид
Ул. „130“ број 24
6000 Охрид
Тел: (046) 25 55 37
ou-kochoracin-ohrid@schools.mk

- Редовната и систематска евиденција за редовноста, дисциплината, хигиената, поведението, успехот, здравствената состојба  и постигањата на учениците.
- Организирањето  на периодичните систематски прегледи, вакцинации и ревакцинации кај учениците и редовното годишно ученичко осигурување.
- Информирањето на учениците преку предавања за разните болести и штетното влијание на (алхохолот, цигарите и дрогата).
- Постоењето на педагог и психолог во училиштето.
- Промовирање на работата на учениците и наставниците преку вебстрана и социјални мрежи
- Постои вклученост на сите фактори поврзани со обезбедување грижа и заштита на учениците без разлика на нивната полова и етничка припадност.
- Училиштето дава подршка на градење на самостојност на учениците
- Наставниците ги почитуваат и вреднуваат учениците.
- Наставниот кадар ги следи промените во однесувањето на учениците и по потреба соработува со педагошко-психолошката служба.
- Соодветен пристап кон учениците каде што се идентификувани здравствени проблеми
- Редовна евиденција на напредокот на учениците, нивниот развој, присутност, отсутност.
- Постојана соработка на наставниците  со стручните соработници  во надминувањето на емоционални потешкотиите на кои наидуваат учениците  како и во учењето и однесувањето

- Следење на професионалните интереси и желби  на учениците за нивното понатамошно образование од страна на стручните соработници
- Редовно информирање на учениците и родителите за нивните постигања и однесување
  Целосно почитување на законската регулатива  при запишувањето и отпишувањето на учениците во училиштето со водење на уредна документација и давање писмена согласност

**Слаби страни**

- Немање на вработени стручни лица (дефектолог, логопед, социолог )
- Немање на лице за обезбедување на училиштето
- Немање  на организирана исхрана за учениците
- Истакнување на резултатите од општиот успех по одделенија и предмети во училишниот ходник, наградени и пофалени ученици
- Местоположбата на училиштето

**Приоритети**

Обезбедување на согласност за вработување/ангажирање на дефектолог, логопед, специјален рехабилитатор или социолог.

ООУ„Кочо Рацин“-Охрид
Ул. „130“ број 24
6000 Охрид
Тел: (046) 25 55 37
ou-kochoracin-ohrid@schools.mk

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Ова подрачје ги опфаќа процесите на планирање, организирање, водење и контрола во училиштето. Вклучува дефинирање на визија и мисија, развој на стратегии, креирање и имплементација на политики, управување со ресурси и обезбедување транспарентност и инклузивност во донесувањето одлуки. Главна цел е постигнување ефикасно и ефективно функционирање на училиштето преку добро водство и учество на сите засегнати страни.

**Силни страни**

- Ефикасно и ефективно работење на Органот на управување и Раководниот орган .
- Во училиштето постојат услови за демократско одлучување .
- Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето.
- Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет.
- Учениците можат слободно да го искажат своето мислење.
- Континуирано се подобрува  инфраструктурата на училиштето.
- Квалитетен наставен кадар. Наставниците континуирано ги развиваат своите вештини и способности, стручно се усовршуваат и се надградуваат.
- Наставниците покажуваат висока мотивираност и потреба за постојана и континуирана посета обуки за развој на своите вештини и способности.

- Наставниците користат современи методи и техники во наставата со што поттикнуваат истражување, учење и независност, а резултат на тоа се бројните награди и високите резултати на натпреварите по сите предмети.
- Добра соработка со локалната заедница и родители.
- Вклучување на учениците и родителите во процесот на донесување одлуки.

**Слаби страни**

- Недостаток на финансиски и материјални ресурси кои го ограничуваат спроведувањето на некои политики.
- Слаба инфраструктура и недостаток на модерна опрема.
- Недоволна опременост на училиштето со стручна литература, наставни средства и помагала
- Недоволно материјални средства за одржување и набавка на нагледни средства и помагала и училишен инвентар

**Приоритети**

Придобивање дополнителни средства преку грантови, донации и партнерства со локалните бизниси и организации

Опремување на училиштето со стручна литература, наставни средства и помагала согласно потребите и приоритетите на наставниците за современа настава.

ООУ„Кочо Рацин“-Охрид
Ул. „130“ број 24
6000 Охрид
Тел: (046) 25 55 37
ou-kochoracin-ohrid@schools.mk

***Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето***

1. Обезбедување и користење на поголем број на ресурси и матријали за реализација на наставата
2. Унапредување, осовременување и континуираност на квалитетот на наставата
3. Превземање активности за намалување на осипувањето на учениците
4. Обезбедување на согласност за вработување/ангажирање дефектолог, логопед, специјален рехабилитатор или социолог.

Комисија за спроведување на СЕУ:

1. Виолета Петкоска
2. Сања Наковска
3. Елизабета Великоска
4. Билјана Каланоска

Охрид,

Дел.бр. 02-304/4

23.07.2024